РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3138/3
23-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на второто продолжение од 55-та седница одржано на ден 18.11.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 08-3476/1 од 08.07.2019 година, за лицето _____________, поранешен градоначалник на општина ____________, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавеното лице не е службено лице во смилса на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-3476/1 од 08.07.2019 година е оформен по поднесена пријава од страна на непознат подносител, за лицето _____________, поранешен градоначалник на општина _________________.

Во пријавата подносителот ја повикува ДКСК да ја испита имотната состојба на _________________, поранешен градоначалник на општина _____________, поради тоа што поседувал повеќе станови и деловни простории стекнати на коруптивен начин. Во пријавата не се наведени други информации за спомenатите недвижности, ниту се приложени некакви документи/докази.

Со оглед на наведеното, а имајќи предвид дека лицето _________________ било градоначалник на општина ____________________ до месец ноември 2017 година, тоа нема статус на службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од тие причини, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за надлежно постапување и согласно член 40 став 2 од Деловникот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk